# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 78** **Год. LX** **Понеделник, 1 ноември 2004** **Цена на овој број е 300 денари**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1392. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија | 2 |
| 1393. | **Одлука** за давање согласност за отворање конзулат на Република Словенија со седиште во Битола....................... | 3 |
| 1394. | **Одлука** за давање согласност за именување на почесен конзул на Република Словенија во Република Македонија со седиште во Битола............... | 3 |
| 1395. | **Одлука** за приватизација на ЈЗУ Градска аптека „Скопје“ - Скопје........ | 3 |
| 1396. | **Одлука** за иземање и отстапување на деловен простор............................... | 3 |
| 1397. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за престанување со работа на Основното училиште „Гоце Делчев“ с. Јабланица............................ | 4 |
| 1398. | **Одлука** за престанување со работа на Основното училиште „Св. Кирил и Методиј“ с. Луково............................... | 4 |
| 1399. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија........................................... | 4 |
| 1400. | **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Страшо Пинџур“ – Карбинци...... | 4 |
| 1401. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Штип.................................. | 5 |
| 1402. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Виница............................... | 5 |
| 1403. | **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Гоце Делчев“ Горно Лисиче – Кисела Вода.......................................... | 5 |
| 1404. | **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Његош“ – Колонија Идризово-Гази Баба............................................... | 5 |
| 1405. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Битола................................ | 6 |
| 1406. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Шуто Оризари.................. | 6 |
| 1407. | **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Александар Урдаревски“ – Чучер-Сандево........................................... | 6 |
| 1408. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Чаир Скопје....................... | 7 |
| 1409. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Долнени............................. | 7 |
| 1410. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Прилеп............................... | 8 |
| 1411. | **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Кочо Рацин“ – Ивањевци – Могила.... | 8 |
| 1412. | **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Крсте П.Мисирков“ – Бистрица.. | 9 |
| 1413. | **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Тополчани......................... | 9 |

1414. **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Кривогаштани.................. 9
1415. **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Охрид................................ 9
1416. **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Крушево........................... 10
1417. **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип.... 10
1418. **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Кузман Јосифовски-Питу“ – Кичево... 10
1419. **Решение** за разрешување и именување членови на Училишниот одбор на ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“ – Ранковце............................................ 11
1420. **Решение** за разрешување и именување членови на училишни одбори на одделни основни училишта на подрачјето на Ресен................................. 11
1421. **Правилник** за изменување на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца-детска градинка и износот на надоместокот на трошоците за престој во установа за деца што паѓа на товар на родителите............................ 11
1422. **Дозвола** за вршење на финансиски лизинг.................................................... 12
1423. **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... 12
1424. **Решение** за ставање во примена на установен катастар на недвижности.... 13
1425. **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 32/2004 од 6 октомври 2004 година.......................... 13
**Објава** за просечната месечна нето плата по работник за месец октомври 2004 година........................................... 15
**Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои Република Македонија на покана на ЕУ се придржува/прифаќа**
2. **Заедничка позиција** на Советот 2004/661/CFSP од 24 септември 2004 година.................................................... 1-4
**Огласен дел........................................... 1-76**

---

**1392.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 октомври 2004 година.

Бр. 07-4311/1
27 октомври 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија (“Службен весник на Република Македонија” број 6/98 и 98/2000), во членот 11 алинеи 1 и 3 зборот “три” се заменува со зборот “две”.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија преку третата телевизиска мрежа на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија ќе емитува директни преноси од седници на Собранието на Република Македонија, како и директни и одложни преноси од други активности на Собранието на Република Македонија и на неговите работни тела. Со одлука, Собранието на Република Македонија ќе ги утврди условите и начинот под кои Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија ќе ја врши оваа функција.

Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија преку третата радио мрежа (VHF/FM) на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, ќе ја емитува експерименталната програма на постојната радио станица “Канал 103” во која ќе бидат вклучени програми кои се однесуваат на невладиниот сектор.”

Член 2

По членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

“Член 11-а

Радио-телевизиските програми на Македонската радио-телевизија се емитуваат преку сателит на еден радио и еден телевизиски канал.”

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува по истекот на четири месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I G J I
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR THEMELIMIN E NDËRMARRJES PUBLIKE RADIO TELEVIZIONI MAQEDONAS

Neni 1

Në Ligjin për themelimin e Ndërmarrjes publike Radio Televizioni Maqedonas (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 6/98 dhe 98/2000), në nenin 11, në alinetë 1 dhe 3, fjala “tre” zëvendësohet me fjalën “dy”.

Pas paragrafit 1 shtohen dy paragrafë të rinj 2 dhe 3 si vijon:

“Ndërmarrja publike Radio Televizioni Maqedonas, përmes rrjetit të tretë televiziv të Ndërmarrjes publike Radiodifuzioni Maqedonas do të emitojë transmetime të drejtpërdrejta nga seancat e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, si dhe transmetime të drejtpërdrejta dhe të shtyra nga aktivitete tjera të Kuvendit të Republikës së

Maqedonisë dhe trupave punues të tij. Me vendim, Kuvendi i Republikës së Maqedonisë do t'i caktojë kushtet dhe mënyrën me të cilat Ndërmarrja publike Radio Televizioni Maqedonas do ta kryejë këtë funksion.

Ndërmarrja publike Radio Televizioni Maqedonas përmes radio rrjetit të tretë (VHF/FM) të Ndërmarrjes publike Radiodifuzioni Maqedonas, do ta emitojë programin eksperimental të Radiostacionit ekzistues "Kanali 103", në të cilin do të përfshihen programe që i dedikohen sektorit joqeveritar".

Neni 2

Pas nenit 11 shtohet neni i ri 11-a si vijon:

"Neni 11-a

Programet radiotelevizive të Radio Televizionit Maqedonas emitohen përmes satelitit në një radio kanal dhe në një kanal televiziv".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të zbatohet pas kalimit të katër muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

**1393.**

Врз основа на член 91, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА**

Член 1

Република Словенија отвора Конзулат со седиште во Битола.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 23-3877/1 | Претседател на Владата |
| 25 октомври 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Хари Костов,** с.р. |

**1394.**

Врз основа на член 91 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 октомври 2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА**

Член 1

Се дава согласност г-дин Михајло Мојсов да се именува на функцијата почесен конзул на Република Словенија во Република Македонија со седиште во Битола.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 23-62/1 | Претседател на Владата |
| 25 октомври 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Хари Костов,** с.р. |

**1395.**

Врз основа на член 200-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95 и 10/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ЈЗУ ГРАДСКА АПТЕКА "СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ**

Член 1

Јавната здравствена установа Градска аптека "Скопје" - Скопје се приватизира во целина.

Член 2

Проценката на вредноста на аптеката од член 1 на оваа одлука и постапката за приватизација ја спроведува Агенцијата на Република Македонија за приватизација.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 23-3887/1 | Претседател на Владата |
| 25 октомври 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Хари Костов,** с.р. |

**1396.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03) и член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗЗЕМАЊЕ И ОТСТАПУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР**

Член 1

1. Од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија се иззема стопанисувањето со деловниот простор во сопственост на Република Македонија и тоа:

- Аптека на бул. "Климент Охридски" бр. 13, приземје од 39,24 $м^2$, издадена под закуп со Договор бр. 602 од 05.02.1982 година;
- Аптека на ул. "Маршал Тито" бр. 16, приземје од 154,01 $м^2$, издадена под закуп со Договор бр. 11-10663/1 од 15.10.2003 година;
- Аптека на ул. "Кузман Јосифовски - Питу" бр. 17, лок. 14, приземје од 70,52 $м^2$, издадена под закуп со Договор бр. 11-13270 од 04.12.2003 година;
- Аптека на ул. "Јани Лукровски" бр. 2, приземје од 175,01 $м^2$, издадена под закуп со Договор бр. 11-7199/1 од 08.07.2003 година;
- Аптека на бул. "Партизански одреди" бр. 59, приземје од 75,35 $м^2$, и на галерија 15,55 $м^2$, издадена под закуп со Договор бр. 2970/346 од 08.12.1998 година и
- Аптека на ул. "Битпазарска" бр. 77, на приземје 130,81 $м^2$, издадена под закуп со Договор бр. 1171 од 19.03.1981 година.

2. Деловниот простор од точка 1 на овој член, без надоместок се отстапува на ЈЗУ Градска аптека “Скопје“ - Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3886/1
25 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1397.**

Врз основа на член 22, став 1, алинеја 2 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 63/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ С. ЈАБЛАНИЦА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за престанување со работа на Основното училиште “Гоце Делчев“ с. Јабланица (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/04).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3841/1
25 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1398.**

Врз основа на член 22, став 1, алинеја 2 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 63/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С. ЛУКОВО**

Член 1

Престанува со работа Основното училиште “Св. Кирил и Методиј“ с. Луково со припојување кон Основното училиште “Гоце Делчев“ с. Јабланица.

Основното училиште “Св. Кирил и Методиј“ с. Луково се организира како Подрачно училиште во состав на Основното училиште “Гоце Делчев“ с. Јабланица.

Член 2

Основното училиште “Гоце Делчев“ с. Јабланица е правен наследник на Основното училиште “Св. Кирил и Методиј“ с. Луково.

Член 3

Основното училиште “Гоце Делчев“ с. Јабланица, како правно лице ги презема објектите, опремата, наставните средства, вработените и учениците од Основното училиште “Св. Кирил и Методиј“ с. Луково.

Член 4

Бришењето на Основното училиште “Св. Кирил и Методиј“ с. Луково од судскиот регистар и од регистарот за основните училишта ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3790/2
25 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1399.**

Врз основа на член 9, став 1 од Законот за јавни патишта (“Службен весник на Република Македонија“ број 26/96, 40/99, 96/00 и 29/02) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за утврдување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/94, 60/95, 41/96, 47/97, 107/00, 112/00, 26/01, 40/01, 72/01, 79/01, 81/01 и 36/04), во точката 1, под Б) се врши следното дополнување:

КЗ-103 Петровец (врска со Р-103) с.Огњанци.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр.23-1396/4
25 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов**, с.р.

**1400.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ “СТРАШО ПИНЏУР“-КАРБИНЦИ**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Страшо Пинџур“-Карбинци се разрешуваат:

- Борис Панов,
- Натка Тодорова.

2. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Страшо Пинџур“-Карбинци се именуваат:

- Илчо Богданов, земјоделски инженер,
- Делче Стоилов, рударски инженер.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3797/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1401.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ШТИП**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Ванчо Прке"-Штип се разрешуваат:
- Слободан Синев,
- Зоранчо Митровски.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Ванчо Прке"-Штип се именуваат:
- Звонко Рунчев,
- Маре Жечова.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Тошо Арсов"-Штип се разрешуваат:
- Никола Донев,
- Саша Пуздерлиска.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Тошо Арсов"-Штип се именуваат:
- Зоран Таушанов, дипл. економист,
- Даниела Велкова.

3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Димитар Влахов"-Штип се разрешуваат:
- Јовица Николиќ,
- Душко Димитров.

3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Димитар Влахов"-Штип се именуваат:
- Стојан Костов, дипл. политиколог,
- Славица Златова.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3796/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1402.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ВИНИЦА**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Славчо Стојменски"-Виница се разрешуваат:
- Живка Стојанова,
- Панче Атанасов.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Славчо Стојменски"-Виница се именуваат:
- Благој Серафимов, дипл. град. инженер,
- Љупчо Георгиев.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Гоце Делчев"-Виница се разрешуваат:
- Владимир Насев,
- Голубина Станоевска.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Гоце Делчев"-Виница се именуваат:
- Мијалче Петров, наставник,
- Ангел Синадинов.

3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Никола Парапунов"-Драгобраште се разрешуваат:
- Борчо Серафимов,
- Снежана Атанасова.

3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Никола Парапунов"-Драгобраште се именуваат:
- Тихомир Захариев,
- Живко Манов.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3795/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1403.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ГОРНО ЛИСИЧЕ-КИСЕЛА ВОДА**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Гоце Делчев "-Горно Лисиче се разрешуваат:
- Трајан Ѓорѓиевски,
- Лена Крстевска.

2. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Гоце Делчев" Горно Лисиче се именуваат:
- Миле Крстевски,
- Весна Трпковска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3794/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1404.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "ЊЕГОШ"-КОЛОНИЈА ИДРИЗОВО-ГАЗИ БАБА**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Његош"-Колонија Идризово-Гази Баба се разрешуваат:

- Томе Трајковски,
- Петар Божидар.

2. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Његош“-Колонија Идризово-Гази Баба се именуваат:

- Ѓоко Зефи,
- Драги Михајлов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3791/2
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1405.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/95, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА БИТОЛА**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Тодор Ангелевски“ - Битола, се разрешуваат:

- Љупчо Савевски,
- Трајче Митревски.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Тодор Ангелевски“ - Битола се именуваат:

- Петар Горко,
- Весна Филиповска - Ангеловска.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ - Битола се разрешуваат:

- Петар Ковачевски,
- Илче Белџигеровски.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ - Битола се именуваат:

- Најдо Бојовски, маш. техничар,
- Кире Сотировски.

3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ - Битола се разрешуваат:

- Томе Поповски,
- Влатко Милошевски.

3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ - Битола се именуваат:

- Крсте Масалковски,
- Благој Гиланов.

4. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Коле Канински“ - Битола се разрешуваат:

- Симеон Трајковски,
- Анета Стефановска.

4.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Коле Канински“ - Битола се именуваат:

- Менде Трајковски, ел. техничар,
- Стевче Милевски.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3801/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1406.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/95, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ШУТО ОРИЗАРИ**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „26 Јули“ - Шуто Оризари, се разрешуваат:

- Мишо Василевски,
- Ракип Дочи.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „26 Јули“ - Шуто Оризари се именуваат:

- Хаџи Хасан,
- Неџибе Палоши-Дарлишта.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Браќа Рамиз Хамид“ - Шуто Оризари се разрешуваат:

- Златко Рајковски,
- Сали Салиевски.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Браќа Рамиз Хамид“ - Шуто Оризари се именуваат:

- Беџат Сејди,
- Луан Селими.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3800/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1407.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/95, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ „АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ“ - ЧУЧЕР - САНДЕВО**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Александар Урдаревски“ - Чучер-Сандево, се разрешуваат:

- Сашо Шишковски,
- Барди Шемси.

2. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Александар Урдаревски“ Чучер - Сандево се именуваат:

- Миливој Смоковски, педагог,
- Салахудин Хамиди.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3799/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1408.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЧАИР СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Панајот Гиновски“ - Чаир, се разрешуваат:

- Васил Пеовски,
- Исуф Кајоли.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Панајот Гиновски“ - Чаир се именуваат:

- Халил Палоши,
- Јован Бошњаковски, наставник.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Никола Вапцаров“ - Чаир се разрешуваат:

- Глигор Бајлозов,
- Гафур Жарку.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Никола Вапцаров“ - Чаир се именуваат:

- Даим Хисени,
- Јован Јовановски, економски техничар.

3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Рајко Жинзифов“ - Чаир се разрешуваат:

- Стојан Дунимагловски,
- Ќани Сахити.

3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Рајко Жинзифов“ - Чаир се именуваат:

- Роза Миленкоска, наставник,
- Сами Фејзулаху.

4. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Климент Охридски“ - Бутел се разрешуваат:

- Борче Трајановски,
- Киро Теновски.

4.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Климент Охридски“ - Бутел се именуваат:

- Воислав Ристовски,
- Нафил Смаиловиќ.

5. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „ Гоце Делчев“ - Љубанци - Чаир се разрешуваат:

- Убавка Топузовска,
- Светлана Чаков.

5.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Гоце Делчев“ - Љубанци - Чаир се именуваат:

- Илија Јовановски,
- Кирил Тарчуговски.

6. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ за возрасни „А.С. Макаренко“ - Чаир се разрешуваат:

- Олгица Георгиевска,
- Џеват Бучи.

6.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ за возрасни „А.С. Макаренко“ - Чаир се именуваат:

- Кадри Агуши,
- Александар Теовски, професор.

7. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ „Ацо Шопов“ нас. Радишани, се разрешуваат:

- Лазар Георгиевски,
- Вида Крстевска.

7.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Ацо Шопов“ нас. Радишани се именуваат:

- Сафедин Булиќ, дипл. правник,
- Анета Мишевска.

8. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3798/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1409.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ДОЛНЕНИ**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Пецо Даскалот“ - Долнени се разрешуваат:

- Димче Наумоски,
- Васко Котески.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Пецо Даскалот“ - Долнени се именуваат:

- Круме Котески,
- Кире Божиноски.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Мирче Ацев“ - Лажани се разрешуваат:

- Ратко Дојчиноски,
- Зоран Дојчиноски.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Мирче Ацев“ - Лажани се именуваат:

- Башкир Рашанин,
- Назим Саитоски.

3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Ѓорче Петров“ - Ропотово се разрешуваат:

- Живко Гулески,
- Јован Радески.

3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Ѓорче Петров“ - Ропотово се именуваат:

- Богослав Силјаноски,
- Душан Столески.

4. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Петре Глигуроски“ - Костинци се разрешуваат:

- Беким Рушитоски,
- Муамер Елезоски.

4.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Петре Глигуроски“ - Костинци се именуваат:

- Муса Имероски,
- Алифети Алиоски.

5. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Вера Циривири-Трена“ - Дебреште се разрешуваат:

- Ќанија Алиоски,
- Назмија Сулејманоски.

5.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Вера Циривири-Трена“ - Дебреште се именуваат:

- Авнија Ајроски,
- Муса Топалоски.

6. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Пере Тошев“ - Дупјачани се разрешуваат:

- Стеван К.Димоски,
- Пецо Б.Димоски.

6.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Пере Тошев“ - Дупјачани се именуваат:

- Панчо Здравески,
- Ахмо Фазлиќ.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр.17-3805/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1410.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРИЛЕП

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Кире Гаврилоски-Јане“ - Прилеп се разрешуваат:

- Томе Миланоски,
- Зоран Величковиќ.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Кире Гаврилоски - Јане“ - Прилеп се именуваат:

- Пане Петревски, дипл.историчар на уметноста,
- Љубен Геговски.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Гоце Делчев“ - Прилеп се разрешуваат:

- Денис Батаклиев,
- Вангел Наумоски.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Гоце Делчев“ - Прилеп се именуваат:

- Вангел Наумоски, педагог,
- Денис Батаклиев, дипл. економист.

3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Добре Јованоски“ - Прилеп се разрешуваат:

- Митре Грнчески,
- Борка Томески.

3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Добре Јованоски“ - Прилеп се именуваат:

- Душко Дабески, дипл.правник,
- Златко Маневски.

4. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Кочо Рацин“ - Прилеп се разрешуваат:

- Гордана Дамеска,
- Велко Кулески.

4.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Кочо Рацин“ - Прилеп се именуваат:

- Гордана Дамеска, дипл.инж.технолог,
- Велко Кулески, дипл.ел.инж.

5. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Климент Охридски“ - Прилеп се разрешуваат:

- Илија Дренкоски,
- Крсте Николоски.

5.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Климент Охридски“ - Прилеп се именуваат:

- Велко Кулески,
- Борис Стојчески, професор.

6. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Рампо Левката“ - Прилеп се разрешуваат:

- Оливера Петреска,
- Миленко Тодески.

6.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ „Рампо Левката“ - Прилеп се именуваат:

- Марија Тошеска,
- Милка Хаџилиоска, дипл.историчар.

7. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Блаже Конески“ - Прилеп се разрешуваат:

- Светлана Миоковиќ Томеска,
- Љубен Гегоски.

7.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Блаже Конески“ - Прилеп се именуваат:

- Светлана Миоковиќ Томеска, дефектолог,
- Љубен Гегоски.

8. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Страшо Пинџур“ - Мало Коњари се разрешуваат:

- Зора Спиркоска,
- Гоце Мавчев.

8.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Страшо Пинџур“ - Мало Коњари се именуваат:

- Душан Ангелески,
- Милан Гисакоски.

9. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОМУ “Орце Михајловски Оцка“ - Прилеп се разрешуваат:

- Тони Брмбески,
- Марко Василески.

9.1. За членови на Училишниот одбор на ОМУ “Орце Михајловски Оцка“ - Прилеп, се именуваат:

- Марко Василески, оддл.наставник,
- Тони Брмбески, дипл. економист.

10. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр.17-3804/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

---

**1411.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ “КОЧО РАЦИН“ - ИВАЊЕВЦИ - МОГИЛА

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Кочо Рацин“ - Ивањевци - Могила се разрешуваат:

- Тоде Лазаревски,
- Цане Мурговски.

2. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Кочо Рацин“ - Ивањевци - Могила се именуваат:

- Гоце Циуновски,
- Мице Мартиновски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.17-3803/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1412.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "КРСТЕ П.МИСИРКОВ" - БИСТРИЦА**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Крсте П.Мисирков" - Бистрица се разрешуваат:
- Јован Ташевски,
- Кире Гроздановски.

2. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Крсте П.Мисирков" - Бистрица се именуваат:
- Лазар Маниловски,
- Љумановски Бариќ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.17-3802/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1413.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ТОПОЛЧАНИ**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Круме Волнароски" - Тополчани се разрешуваат:
- Пеце Балабаноски,
- Васко Китески.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ Круме Волнароски" - Тополчани се именуваат:
- Зоран Дебрешлиоски,
- Пандо Чапкуноски.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Кирил и Методиј" - Канатларци се разрешуваат:
- Здраве Атанасоски,
- Бајрам Јусуфоски.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Кирил и Методиј" - Канатларци се именуваат:
- Драге Петкоски,
- Мустафа Јашар.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3806/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов**, с.р.

**1414.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА КРИВОГАШТАНИ**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Јонче Смугрески" - Ообршани се разрешуваат:
- Благоја Смугрески,
- Методија Кодински.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Јонче Смугрески" - Обршани се именуваат:
- Зоран Ацески, рударски техничар,
- Дејан Стомнароски, ел.техничар.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Манчу Матак" - Кривогаштани се разрешуваат:
- Слободан Чагароски,
- Ладе Клекачкоски.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Манчу Матак" - Кривогаштани се именуваат:
- Цане Божиноски, економист,
- Јане Дунимаглоски, ел. техничар.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3807/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов**, с.р.

**1415.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОХРИД**

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Григор Прличев" - Охрид се разрешуваат:
- Никола Начески,
- Томислав Пецаков.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Григор Прличев" - Охрид се именуваат:
- Пеце Блажески, економист,
- Робертина Тодоровска.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Братство Единство“ - Охрид се разрешуваат:
- Кујтим Коќу,
- Војне Војнески.
2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Братство Единство“ - Охрид се именуваат:
- Хаџибајрам Ризвани,
- Лилјана Костоска.
3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Св. Климент Охридски“ - Охрид се разрешуваат:
- Димитар Мартиноски,
- Иљо Рупески.
3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Св. Климент Охридски“ - Охрид се именуваат:
- Ставре Маленко,
- Ели Новакоска, дипл.инж.арх.
4. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Христо Узунов“ - Охрид се разрешуваат:
- Смиле Наумоски,
- Науме Карамачоски.
4.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Христо Узунов“ - Охрид се именуваат:
- Анастасија Настеска, дипл. психијатар,
- Сашо Велјаноски, маш.инж.
5. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Живко Чинго“ - Велгошти се разрешуваат:
- Венко Колачоски,
- Бранко Речкоски.
5.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Живко Чинго“ - Велгошти се именуваат:
- Илче Ѓорески, дипл.филолог,
- Благоја Буџакоски.
6. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Наум Охридски“ - Пештани се разрешуваат:
- Весна Толеска,
- Марика Бубеска.
6.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Наум Охридски“ - Пештани се именуваат:
- Наум Цаноски, дипл.технолог,
- Милчо Стефаноски.
7. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Ванчо Николески“ - Лескоец се разрешуваат:
- д-р Јосиф Андреевски,
- Тони Иваноски.
7.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Ванчо Николески“ - Лескоец се именуваат:
- Зоран Лупески,
- Благоја Тасески, дипл.град.инж.
8. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 17-3808/1 | Претседател на Владата |
| 18 октомври 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Хари Костов**, с.р. |

**1416.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 и 63/2004) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА КРУШЕВО

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Никола Карев“ - Крушево се разрешуваат:
- Јани Маја,
- Кире Сотироски.
1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Никола Карев“ - Крушево се именуваат:
- Еленица Љума, педагог,
- Милица Стојческа, педагог.
2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Св. Кирил и Методиј“ - Бучин се разрешуваат:
- Славе Најдоски,
- Целе Тошески.
2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Св. Кирил и Методиј“ - Бучин се именуваат:
- Сашо Бончаноски,
- Никола Митаноски.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 17-3809/1 | Претседател на Владата |
| 18 октомври 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Хари Костов**, с.р. |

**1417.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 63/04) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ “БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ - ПРОБИШТИП

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Браќа Миладиновци“ – Пробиштип се разрешуваат:
- Марјан Тасев,
- Гоце Јосев.
1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ “Браќа Миладиновци“ – Пробиштип се именуваат:
- Надица Милосова, професор по македонски јазик,
- Маде Заков, дипломиран земјоделски инженер.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 17-3810/1 | Претседател на Владата |
| 18 октомври 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Хари Костов,** с.р. |

**1418.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 63/04) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ “КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ“ - КИЧЕВО

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ “Кузман Јосифовски-Питу“ – Кичево се разрешуваат:
- Миле Костески,
- Љупчо Груески.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Кузман Јосифовски-Питу" – Кичево се именуваат:

- Иво Огненоски,
- Воце Антоски, машински техничар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3811/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1419.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 63/04) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ" - РАНКОВЦЕ

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Христијан Тодоровски Карпош" – Ранковце се разрешуваат:

- Зорица Цековска,
- Славица Трајановска.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Христијан Тодоровски Карпош" – Ранковце се именуваат:

- Татјана Ѓорѓиевска, дипл правник,
- Љубе Мицевски, економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3812/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1420.**

Врз основа на член 96 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 63/04) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2004 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ НА ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА РЕСЕН

1. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Славејко Арсов" – Подмочани се разрешуваат:

- Ѓоко Стрезовски,
- Јован Ќулумовски.

1.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Славејко Арсов" – Подмочани се именуваат:

- Зора Шушевска, социјален работник,
- Мемет Хоџа, гимназија.

2. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Гоце Делчев" – Ресен се разрешуваат:

- Ѓорѓи Ивановски,
- Гоце Соколовски.

2.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Гоце Делчев" – Ресен се именуваат:

- Самоил Ламевски, дипл. политиколог,
- Владанка Колемишевска, дипл. шум. инж.

3. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Мите Богоевски" – Ресен се разрешуваат:

- Димитар Муцевски,
- Ѓорѓи Сотировски.

3.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Мите Богоевски" – Ресен се именуваат:

- Мексуд Максуд, дипл. правник,
- Офелија Стојановска, дипл.инж.арх.

4. Од должноста членови на Училишниот одбор на ОУ "Браќа Миладиновци" – Царев Двор се разрешуваат:

- Ѓорѓи Ивановски,
- Гоце Соколовски.

4.1. За членови на Училишниот одбор на ОУ "Браќа Миладиновци" – Царев Двор се именуваат:

- Миле Андоновски, маш. техничар,
- Тони Јошевски, менаџер по царина.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3813/1
18 октомври 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Хари Костов,** с.р.

**1421.**

Врз основа на член 115 став 1 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија"бр. 98/00, 17/03 и 65/04), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ДАВА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА И ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ ВО УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца-детска градинка и износот на надоместокот на трошоците за престој во установа за деца што паѓа на товар на родителите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/03 ), во член 3 став 1 точка 1 бројот "1.390,00" се заменува со бројот "1.490,00", а во точката 2 во алинеја 1 бројот "559,00" се заменува со бројот "599,00", во алинеја 2 бројот "752,00" се заменува со бројот "806,00", во алинеја 3 бројот "278,00" се заменува со бројот "298,00". Во точката 3 бројот "61,00" се заменува со бројот "65,00", а во точката 4 бројот "1.390,00" се заменува со бројот "1.490,00".

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3 -1043/2
29 октомври 2004 година
Скопје

Министер,
**Јован Манасијевски**, с.р.

**1422.**

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за лизинг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2002 и 49/2003), Министерството за финансии на 20.10.2004 година, издава

## ДОЗВОЛА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

1. Дозволата за вршење на финансиски лизинг се издава на Друштво за туризам, трговија и услуги "ДЕЛФИНО ТРАВЕЛ", Сашо ДООЕЛ, увоз-извоз, бул. "Илинден" бр. 3/1, од Скопје, со број на деловниот субјект (БДС) 5037948 и регистрирано во трговскиот регистар, со шифра 65.21 - Финансиски лизинг.

2. Оваа дозвола се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-24853/2 Министерство за финансии
20 октомври 2004 година Министер,
Скопје м-р **Никола Поповски,** с.р.

---

**1423.**

Врз основа на член 39, став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02 и 38/03), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02 и 24/03), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01 и 21/03), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 01.11.2004 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

**а) Моторни бензини** **ден/лит.**
- МБ - 96 (ПРЕМИУМ) до 23,160
- БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) до 22,817
- БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) до 23,240

**б) Дизел гориво** **ден/лит.**
- Д (ДИЗЕЛ) до 25,321

**в) Масло за горење** **ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ) до 25,561

**г) Мазут** **ден/кг.**
- М - 1 (М) до 11,558
- М - 2 до 11,532

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

**а) Моторни бензини** **ден/лит.**
- МБ - 96 (ПРЕМИУМ) до 59,50
- БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) до 56,00
- БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) до 56,50

**б) Дизел гориво** **ден/лит.**
- Д (ДИЗЕЛ) до 48,00

**в) Масло за горење** **ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ) до 38,00

**г) Мазут** **ден/кг.**
- М - 1 (М) до 14,228
- М - 2 до 14,198

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката „г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 59,00 | 58,50 | 58,00 |
| БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 55,50 | 55,00 | 54,50 |
| БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 56,00 | 55,50 | 55,00 |
| Д-ДИЗЕЛ | 47,50 | 47,00 | 46,50 |
| ЕЛ-ЕКСТРА ЛЕСНО | 37,50 | 37,00 | 36,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,40 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

**а) Моторни бензини** **ден/лит.**
- МБ - 96 (ПРЕМИУМ) 23,664
- БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) 21,041
- БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) 21,041

**б) Дизел гориво** **ден/лит.**
- Д (ДИЗЕЛ) 11,757

**в) Масло за горење** **ден/лит.**
- екстра лесно (ЕЛ) 3,042

**г) Мазут** **ден/кг.**
- М - 1 (М) 0,100
- М - 2 0,100

Член 4

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|---|
| МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Д-ДИЗЕЛ | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕЛ-ЕКСТРА ЛЕСНО | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |
| МАЗУТ М-2 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 02.11.2004 година.

Бр. 02-907/1
1 ноември 2004 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

---

**1424.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на СРМ" бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

## РЕШЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се става во примена установениот катастар на недвижности на катастарската општина Страгово - Општина Конопиште.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Страгово, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-6908/1
28 октомври 2004 година
Скопје

Директор,
**Бисера Јакимовска,** с.р.

---

**1425.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 14 став 2 и 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992), на седницата одржана на 6 октомври 2004 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува членот 66 став 2, алинеја 6, 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 97/2002).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Марјан Наумовски од Скопје и други шеснаесет граѓани и по сопствена иницијатива, со Решение У. бр. 32/2004 од 23 јуни 2004 година поведе постапка за оценување на уставноста на алинеја 6 и 7 и на законитоста на алинеја 8 и 9 од членот 66 став 2 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и со закон.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 66 став 1 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, барањето за прием се доставува до Комисијата за прием, а според ставот 2, кон барањето се приложуваат:

- кратка биографија,
- доказ за завршен правен факултет,
- доказ за положен правосуден испит,
- уверение за државјанство,
- уверение дека не е одземена деловна способност,
- уверение дека не се води кривична постапка,
- доказ дека не е во работен однос,
- доказ дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија или дејност,
- мислење од работодавецот и од основната адвокатска заедница.

5. Според член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд, меѓу другото, одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно членот 53 од Уставот, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Според членот 32 став 1 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.

Со Законот за адвокатура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2002), адвокатурата е определена како самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош.

Според членот 5 од овој закон, самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба се остварува, покрај другото, и со организирање на адвокатите во Адвокатска комора, автономно донесување на акти за работа на Адвокатската комора на Република Македонија и нејзините органи и за запишување и бришење од Именикот на адвокатите.

Според членот 10 и членот 12 од овој закон, правото на вршење на адвокатска дејност согласно со овој закон се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија и по уписот на адвокатот му се издава лиценца за работа. Содржината и постапката за издавање и одземање на лиценцата за работа се уредуваат со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија. Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, дипломиран правник со положен правосуден испит и кое ужива углед за вршење на адвокатската дејност. Со членот 20, исто така, е определено дека адвокатот не може да врши јавна функција или професија и друга јавна служба, а согласно членот 23 став 2 точка 2, правото на вршење на адвокатската дејност на адвокатот му престанува ако заснова работен однос.

Како општи услови за засновање работен однос во органите на државната управа, согласно членот 9 став 1 од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003 и 17/2004) се определени за кандидатот:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) да е полнолетен;
3) да има соодветен степен на образование;
4) да го има потребното работно искуство;
5) да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност и
6) да има општа здравствена способност.

Во однос на постапката за упис во Именикот на адвокатите, Законот за адвокатура во членот 13 предвидел по барање за упис да решава надлежен орган на Адвокатската комора кој е определен со акт на Адвокатската комора, на начин и под услови определени со овој закон. По жалбата против решението со кое се врши прием или се одбива барањето за упис во Именикот

на адвокатите решава надлежен орган на Комората определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, во рок од 15 дена од приемот на решението. Против конечното решение може да се поведе управен спор.

6. Од анализата на одредбите од членот 66 став 2 алинеја 6, 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора произлегува дека правото на вршење на адвокатската дејност, кое се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите и со добивање на лиценца за работа од страна на Адвокатската комора, може да се оствари ако во постапката за прием на адвокати кандидатите ги исполнуваат условите пропишани со закон.

Имено, тоа се општите услови кои важат за засновање работен однос во органите на државната управа согласно Законот за државните службеници и посебните услови пропишани со Законот за адвокатура.

Оттука, неспорно е дека со статутарните одредби може да биде уреден начинот на прибирање на податоци за исполнување на законски утврдените услови врз основа на кои кандидатот се стекнува со право да врши адвокатска дејност, но со Статутот не може да се утврдуваат нови услови кои не се предвидени со закон, ниту да се бараат податоци кои граѓаните според закон не се должни да ги доставуваат.

а) Во однос на оспорената алинеја 7 од членот 66 став 2 од Статутот, според која кон барањето за прием во адвокати треба да се достави доказ дека лицето не е во работен однос, Судот утврди дека со Статутот е пропишана обврска која не произлегува од условите за прием во адвокати утврдени во наведените одредби од Законот за адвокатура и Законот за државните службеници. Имено, со закон не е регулирано дека исклучиво лица кои не се во работен однос можат да бараат прием во адвокати и дека достапноста за вршење на адвокатската дејност во постапката за прием на адвокати е резервирана само за невработени лица. Со одредбите од Законот за адвокатура од кои произлегува дека вршењето на адвокатската дејност е неспоива со вршењето на друга дејност, е законска обврска за лицата кои веќе се адвокати, меѓутоа тоа не претставува основа за утврдување на услов со оспорената алинеја од наведениот член од Статутот дека во самата постапка кон барањето за прием во адвокати треба да се достави доказ дека лицето не е во работен однос.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека одредбата од членот 66 став 2 алинеја 7 од Статутот не е во согласност со членот 32 од Уставот на Република Македонија.

б) Поаѓајќи од наводите во иницијативата со кои се оспорува алинејата 8 од наведениот член од Статутот, според која кон барањето за прием лицето треба да достави доказ дека не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија или дејност, Судот во анализата на оспорената статутарна одредба покрај изнесените уставни и законски норми ги имаше предвид и одредбите од Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003 и 19/2004).

Согласно членот 62 став 3 од овој законик, со одлуката за изрекување на мерките на безбедност, судот може да одреди привремена забрана на вршење професија, дејност или должност, или забрана на управување со моторно возило, кои траат додека трае примената на мерките. Одлуката на судот се доставува до надлежниот орган или правното лице во кое сторителот е вработен, до регистарскиот суд или до органот кој е надлежен за вршење на надзор над спроведувањето на забраната на управување со моторно возило.

Според членот 106 став 4 од Кривичниот законик, податоците од казнената евиденција можат на образложено барање да им се дадат на државните органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состојат во забрани или ако постои оправдан интерес заснован врз закон. Со одредбата од ставот 5 на овој член е утврдено дека никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност.

Врз основа на изнесените законски одредби произлегува дека и во однос на кривичната санкција што се состои од привремена забрана за вршење на одредена професија, дејност или должност, никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност, имајќи предвид дека според членот 62 став 3 од Кривичниот законик, одлуката со која е изречена наведената санкција од страна на судот е предвидено да се доставува до надлежните органи и правни лица.

Со оглед на тоа, Судот утврди дека наведената статутарна одредба не е во согласност со членот 106 став 5 од Кривичниот законик.

в) Во однос на одредбата во оспорената алинеја 9 од членот 66 став 2 од Статутот, според која кон барањето за прием во адвокати е потребно лицето да достави мислење од работодавецот и од основната адвокатска заедница, Судот оцени дека предвидената обврска е директно уредена со Статутот, бидејќи од Законот за адвокатурата и од Законот за државните службеници со кои се регулирани условите за прием во адвокати, таква обврска не произлегува и таков услов конкретно не е предвиден, поради што оспорената одредба нема законски основ.

г) Во текот на анализата на оспорените одредби од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија Судот и покрај тоа што не е оспорена со иницијативата, исто така го постави прашањето за уставноста на одредбата во алинејата 6 од членот 66 став 2 од Статутот. Имено, со оваа одредба од Статутот е предвидено лицето кон барањето за прием во адвокати да приложи "уверение дека не се води кривична постапка".

Според член 13 став 1 од Уставот на Република Македонија, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Со оглед на изнесеното според Судот, со одредбата во алинеја 6 од наведениот член од Статутот, со која се бара за прием во адвокати лицата да доставуваат уверенија дека против нив не се водат кривични постапки, се врши ограничување на правата на граѓаните и повреда на презумпцијата на невиност што не е допуштено според определбите во Уставот.

7. Врз основа на изнесената уставносудска анализа за одредбите од членот 66 став 2 алинеја 6, 7, 8 и 9 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У. бр. 32/2004
6 октомври 2004 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова**, с.р.

## О Б Ј А В И

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/2002 и 46/2002), Министерството за труд и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

Просечната месечна нето плата по работник за месец октомври 2004 година не може да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01 | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 6.139 |
| 02 | Одгледување на шуми, користење на шуми и соодветни услужни активности | 7.637 |
| 05 | Улов на риба, дејност на мрестилиштата и рибарските фарми, услужни активности во рибарството | 7.231 |
| 10 | Вадење на камен јаглен и лигнит, вадење на тресет | 0 |
| 11 | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12 | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13 | Вадење на руди на метал | 0 |
| 14 | Вадење на други руди и камен | 8.981 |
| 15 | Производство на прехранбени производи и пијалаци | 10.158 |
| 16 | Производство на тутунски производи | 8.709 |
| 17 | Производство на текстилни ткаенини | 3.934 |
| 18 | Производство на предмети за облека: доработка и боење на крзно | 3.584 |
| 19 | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 1.877 |
| 20 | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 5.407 |
| 21 | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 7.782 |
| 22 | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 9.569 |
| 23 | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 12.694 |
| 24 | Производство на хемикалии и хемиски производи | 12.400 |
| 25 | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 3.649 |
| 26 | Производство на производи од други неметални минерали | 10.897 |
| 27 | Производство на основни метали | 8.630 |
| 28 | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 6.707 |
| 29 | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 8.810 |
| 30 | Производство на канцелариски и сметачки машини | 9.216 |
| 31 | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 7.749 |
| 32 | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 5.790 |
| 33 | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 11.342 |
| 34 | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 5.080 |
| 35 | Производство на други сообраќајни средства | 8.184 |
| 36 | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 4.746 |
| 37 | Рециклажа | 4.201 |
| 40 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 11.073 |
| 41 | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 8.081 |
| 45 | Градежништво | 6.267 |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 9.224 |
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 9.743 |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 6.042 |
| 55 | Хотели и ресторани | 6.689 |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 7.076 |
| 61 | Воден сообраќај | 0 |
| 62 | Воздушен сообраќај | 17.846 |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот: активности на патничките агенции | 10.332 |
| 64 | Поштенски активности и телекомуникации | 12.971 |
| 65 | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 15.775 |
| 66 | Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 20.972 |
| 67 | Помошни активности во финансиското посредување | 23.754 |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот | 10.836 |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 7.022 |
| 72 | Компјутерски и сродни активности | 9.231 |
| 73 | Истражување и развој | 8.840 |
| 74 | Други деловни активности | 8.176 |
| 75 | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 8.966 |
| 80 | Образование | 7.567 |
| 85 | Здравство и социјална работа | 7.911 |
| 90 | Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности | 7.657 |
| 91 | Дејност на организации врз база на зачленување | 10.581 |
| 92 | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 7.496 |
| 93 | Други услужни дејности | 8.204 |
| 95 | Приватни домаќинства со вработени лица | 0 |
| 99 | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Министер,
**Јован Манасијевски,** с.р.

# НОВО, НОВО, НОВО !!!

## ВО ИЗДАНИЕ НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ИЗЛЕГОА ОД ПЕЧАТ:

| Р.бр | Издание | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Закон за трговските друштва,** со вовед | 800.00 |
| 2 | **Закон за јавните набавки** | 200.00 |
| 3 | **Кривичен законик** од *Д-р Владо Камбовски (со измените и дополнувањата од 1999 и 2002 година со краток коментар, објаснувања и регистар на поими)*<br>**- плус Додаток со измените и дооплувањата на КЗ од 2003 и 2004** | 600.00 |
| 4 | **Регистар на прописи на Република македонија (со шест промени – влошки, гратискласер и додаток на актуелни прописи)** | 3700.00 |
| 5 | **Комплет CD-ROM Изданија 2001, 2002 и 2003 година** | 5000.00 |
| 6 | **Поединечни CD-ROM Изданија 2001, 2002 и 2003** | 2000.00 |
| 7 | **WEB-страницата - издание на Службен весник на РМ**<br>*целата законска и подзаконска регулатива од 1945 до денес, како и дигиталното издание на службениот весник*<br>Претплатниците на печатеното издание „Службен весник на РМ", за WEB – страницата добиваат екстра попуст од 30% | 12200,00 |
| 8 | **Устав на Република Македонија**<br>*(со сите амандмани и рамковен договор)*<br>*Рокса Георгиевска, Елена Ставрева*<br>на македонски јазик (мек повез)<br>на англиски јазик (мек повез) | 300.00<br>400.00 |
| 9 | **Закон за спречување на перење пари**<br>*Д-р Јован Проевски* | 400.00 |
| 10 | **Закон за извршната постапка**<br>*Д-р Стефан Георгиевски* | 600.00 |
| 12 | **Закон за спречување на корупцијата**<br>*Д-р Јован Проевски (со објаснувања)* | 420.00 |
| 13 | **Збирка на прописи од областа на изборното право**<br>(со коментар и објаснување)<br>*Трајко Вељаноски, Вјекослав Анѓелевски* | 350.00 |
| 14 | **Закон за денационализација**<br>(со коментар, објаснувања и обрасци)<br>*Д-р Стефан Георгиевски* | 450.00 |
| 15 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право** | 290.00 |
| 16 | **Збирка на прописи од областа на стопанството и финансиите**<br>*Миле Крцкоски, Јован В. Бишковски* | 300.00 |
| 17 | **Збирка на прописи од областа на државјанството**<br>*Фиданчо Стоев, Марјана Лазарова - Трајковска* | 350.00 |
| 18 | **Закон за прекршоците**<br>(со објаснувања, коментари, судска практика, со прилози)<br>*Д-р Јован Проевски, Миле Крцкоски* | 500.00 |
| 19 | **Збирка на прописи од областа на катастарот, просторното и урбанистичко планирање и стопанството**<br>*Миле Крцкоски, Јован В. Бишковски* | 400.00 |
| 20 | **Збирка на прописи од областа на судството, јавното обвинителство и адвокатурата**<br>*Миле Крцкоски, Елена Ставрева, Рокса Георгиевска* | 500.00 |
| 21 | **Збирка на прописи од областа на трговските друштва, трговијата, осигурувањето и сопственосно-правните односи**<br>*Миле Крцкоски* | 400.00 |

## ПОРАЧКА

1. Порачувам ______ примерок-ци од изданието под реден број ______ со единечна цена од ________ денари.
2. Порачувам ______ примерок-ци од изданието под реден број ______ со единечна цена од ________ денари.
3. Порачувам ______ примерок-ци од изданието под реден број ______ со единечна цена од ________ денари
4. Порачувам ______ примерок-ци од изданието под реден број ______ со единечна цена од ________ денари.

Име и презиме: ____________________________ Назив на фирмата:______________________________

Адреса:__________________________________________________Место:_____________________________

Телефон:___________________________Телефакс:__________________e-mail:___________________________

(М.П) Нарачател,

_______________

====================================================================

Доказ за извршена уплата на жиро сметка 300000000188798 и порачката испратете ги на адреса на ЈП Службен весник на РМ, бул. „Партизански одреди" 29, Скопје, п.фах 51 или на телефакс +389-2-311-22-67




www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769. Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.